„Кога жителите на Џенетот ќе влезат во него, Возвишениот Аллах ќе рече: „Дали сакате нешто повеќе?

Од Сухејб, радијаллаху анху, се пренесува дека Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кога жителите на Џенетот ќе влезат во него, Возвишениот Аллах ќе рече: „Дали сакате нешто повеќе?“ Жителите ќе одговорат: „Зарем не ни ги направи лицата светли? Нè воведе во Џенетот и нè спаси од огнот?“ И кажа: „Тогаш ќе се отстрани завесата и нема да им се даде ништо помило од гледањето на својот Господар, Семоќниот и Величествениот“.

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, нè известува дека кога жителите на Џенетот ќе влезат во Џенет, Возвишениот Аллах ќе им рече: „Сакате ли да ви дадам нешто повеќе?“ Сите жители на Џенетот ќе речат: „Зарем не нѝ ги обели лицата? Нè воведе во Џенетот и нè спаси од Џехенемот?“ Аллах ќе го отстрани превезот и ќе го подигне; а тој превез е во вид на светлост, и нема да им биде дадено ништо помило од гледањето во својот Господар, Семоќниот и Величествениот.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/8344